Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

101 година

Број 538 www.mchamber.mk 04.8.2023












# Награди за КИФ, Анѓушев и регионалните комори во Битола и Прилеп: Раст на извозот и создавањето на кадар за бизнисот се темелот на нашиот економски развој како држава

**Календар на настани во организација на комората**

30.08.2023, Саем Меѓународни деловни средби “Meet4Business AGRA 2023”

04.09.2023, Семинар ОСНОВИ НА МЕНТОРСТВО: УЛОГА НА МЕНТОР И ПРОЦЕС НА МЕНТОРСТВО ВО ИНТЕГРАЦИЈА НА НОВИТЕ ВРАБОТЕНИ

21.09.2023, Конференција Б2Б средби меѓу македонските и чешките компании од сектор за енергетика, автомобилска индустрија, агрибизнис, винска индустрија и градежниот сектор“,

27.09.2023, Семинар Примена на законските прописи во канцелариското и архивско работење при заведување на барања за отказ од страна на работодавач, спогодбени раскинувања на договори за работа, отказ од страна на вработен преку практични примери

28.09.2023, Семинар Справување со стрес и анксиозност на работното место

29.09.2023, Семинар Канцелариско работење во excel 2016 и примена на вештачка интелигенција

10.10.2023, Брокерски настан Билатерални деловни средби „Green Days“ во рамките на Саемот за животна средина и енергија „Pollutec“ во Лион, Франција,

24.10.2023, Online Бизнис средби “Energy Business Meetings at OMC 2023”-Деловни средби за енергетика Равена, Италија

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## Јошевски: Измените на Законот за финансиски друштва ги подигаат стандардите во работењето, ќе доведат до консолидација на пазарот и поголема транспарентност на услугите и цените што ги нудат друштвата



Групацијата на небанкарски финансиски друштва при Стопанската комора на Северна Македонија, во која членуваат скоро сите финансиски друштва регистрирани во Република Северна Македонија, ги поздравува измените на Законот за финансиски друштва кои беа донесени од страна на Собранието на РСМ на 18 јули 2023 година и стапуваат во сила веднаш.

Работејќи во тесна соработка со Министерството за финансии, Групацијата на финансиските друштва активно учествуваше во измените на законската регулатива со цел да се формулира правна рамка која ќе обезбеди подобра регулираност на овој дел од финансискиот пазар и поголема заштита на корисниците на кредитите, односно клиентите на финансиските друштва.

Примарниот фокус на измените во законската регулатива имаат за цел зголемена доверба на финансискиот пазар како резултат на зголемените регулаторни барања за финансиските друштва и зајакнување на заштитата на клиентите, истовремено поттикнувајќи поголема конкурентност и раст на овој дел на финансискиот систем.

Усвоеното законско решение предвидува зајакнување на регулаторните барања и подигнување на стандардите за финансиските друштва. Со тоа се очекува да дојде до консолидација на пазарот, при што во индустријата ќе преовладуваат само финансиски друштва кои ќе ги исполнуваат строгите критериуми за квалитет поставени од регулаторот. Со подигање на нивото клиентите ќе можат да работат исклучиво со реномирани и доверливи даватели на финансиски услуги.

Можеби еден од најзначајните очекувани исходи од новата регулатива е подобрувањето на транспарентноста на услугите и цените што ги нудат финансиските друштва. Со појасни информации и ценовни структури, клиентите ќе можат да донесат поинформирани одлуки кога бараат финансиски услуги. Зголемената транспарентност се очекува да донесе и здрава конкуренција меѓу финансиските компании, охрабрувајќи ги да обезбедуваат најсовремени технолошки решенија и прилагодени услуги за да се задоволат потребите на клиентите.

Врската помеѓу дигиталната технологија и финансискиот сектор е нагласена во новото законско решение. Препознавајќи ја незаменливата улога на технологијата во поттикнувањето на иновациите, законот го позиционира дигиталниот напредок како основен елемент на идниот раст на небанкарскиот финансиски сектор.

# ПЕТТА ГЕНЕРАЦИЈА НА УЧЕНИЦИ КОИ РЕАЛИЗИРААТ ПРАКТИЧНА ОБУКА ВО „ДРЕКСЛМАЈЕР МАКЕДОНИЈА“ СПОРЕД ДУАЛНИОТ МОДЕЛ НА ОБРАЗОВАНИЕ




Околу триесетина ученици успешно ја реализираа практичната настава и учењето преку работа во рамките на дуалното стручно образование во компанијата „Дрекслмајер Македонија“ и се стекнаа со квалификацијата Техничар за индустриска мехатроника.

Од самата компанија добија сертификат за Техничар за индустриска мехатроника и можност, дел од нив да се приклучат на големото Дрекслмајер семејство, додека еден дел од нив, оспособени со стручни знаења и вештини, да го продолжат своето образование на некој од техничките факултети.

Компанијата „Дрекслмајер Македонија“ ја испиша и успешната приказна дека нема машки и женски професии, туку секој ученик може работи според своите желби и можности.

## „Дрекслмајер Македонија„ со поддршка за младите луѓе

Дрекслмајер како семејна компанија дава исклучителен придонес во образованието на младите луѓе и им овозможува идни перспективи преку високи, униформни стандарди за обука. На настанот, во организација на компанијата, за доделување на сертификатите на учениците кои реализираа учење преку работа во самата компанија, генералниот менаџер на „Дрекслмајер Македонија“, Лукас Мирингер посочил дека како компанија, која е ориентирана кон иднината и иновациите, имаат за цел да ги поттикнат младите луѓе да учат, но и да истражуваат. За време на практичната настава и учењето преку работа, учениците имаат слобода да го



развиваат својот карактер во креативна средина, а најдобрите од нив, добиваат договори за вработување во компанијата, така што директно ќе се вклучат во работниот процес каде ќе имаат можност да ги усовршуваат и да ги прошируваат стекнатите знаења. На настанот покрај учениците присуствувале и дел од родителите.

## Среќни ученици, горди родители

Учениците среќни и задоволни со цврсти чекори продолжуваат да се движат кон својата професионална иднина. Димитар Митревски, еден од завршените ученици истакнал дека благодарение на компанијата „Дрекслмајер Македонија“ добил соодветно стручно образование во делот на техничките области. Според него, покрај теоретската настава, во компанијата, учениците постојано се активни преку изработка на најразлични проекти, а во завршните години се запознаваат и со производствениот процес под водство на искусни ментори. Со овој вид на образование, учениците се подготвени да конкурираат на пазарот на трудот во соодветната индустрија.

Родителите се особено горди на своите деца заради постигнатите резултати. Според Елица Ристова, родител на еден од учениците кои реализираа практична настава во компанијата, „Дрекслмајер Македонија“ повеќе од 10 години е присутна во Кавадарци што зборува за стабилноста на компанијата. Посебно е задоволна што на нејзиното дете му е понуден договор за вработување и што станал дел од компанија со сигурна и перспективна иднина.

Дрекслмајер Македонија е лидер во нашата земја во спроведувањето на моделот на дуално образование. Секоја година компанијата создава подготвени кадри кои се барани на пазарот на трудот и со чија поддршка ќе ја обликува мобилноста на иднината.



# Интервју на Мизо за порталот Локално: Привлекувањето на странски инвеститори треба да биде работа на професионална организација со соодветни секторски познавања и обучен кадар




Нашата цел како Совет на странски инвеститори и компании со странски капитал кои се присутни и работат тука, е да помагаме во подобрување на бизнис и инвестициската клима во Македонија. Тоа значи подобрување на условите за работа со кои ние како компании се соочуваме, без разлика дали станува збор за домашни или за странски компании, за сите стопанственици кои работат и дејствуваат во државата, истакна во интервју за порталот Локално, претседателот на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора и директор на „Костал“, Виктор Мизо.

Во интервјуто тој зборува и за приоритетните активности на новото раководство кои се поврзани со подобрување на инвестициската и деловната клима во земјата врз основа на континуирано следење на економските состојби.

Прашање: Како една од приоритетните активности на новото раководство беа споменати мерки за подобрување на инвестициската и деловната клима во земјата врз основа на континуирано следење на економските состојби. Во која насока би биле овие чекори и дали некои од нив во изминатиот период и беа предложени на Владата?

-На крајот од јуни, како Управен одбор на Советот на странски инвеститори имавме средба со Вицепремиерот Битиќи. Изложивме неколку наши идеи и забелешки, предложивме конкретни активности кои бараат дури и законски решенија, претпоставувајќи дека идната пролет ќе биде изборна. Сакавме да направиме приоритетен тајминг за да предложеното биде адресирано ефикасно до крајот на годината знаејќи дека во секоепредизборие можноста за законски измени и реформи е лимитирана па и невозможна.

Како прва тема на која разговаравме, беше да добиеме информација за иницијативата за ОЕЦД за глобален минимален корпоративен данок од 15%, како и кога тоа ќе се воведе во Македонија? Некои земји во ЕУ веќе размислуваат тоа да почне во Јануари, 2024 и затоа ние сакавме навремено да сме информирани за тоа кои компании и на кој начин ќе бидат опфатени, бидејќи сега данокот е 10%.

Второ, баравме да се направи унификација на документите врзани со оправдани инвестициски трошоци меѓу давателите на државна помош заедно со усогласување и воведување на најнови сметководствени (IFRS) стандарди, по кои ние како компании треба да работиме меѓународно. Овие стандарди во Македонија сè уште не се воведени во пракса, така што за потребите на домашното законодавство работиме по стандарди од 2009 година.

Трето, усогласување на Законот за финансиска поддршка на инвестициите, во делот нависината на помошта за креирање на работни места преку индексирањесо растот на минималната плата како и минималниот праг за вредност на инвестиции.

Четврто, дополнително хармонизирање на домашните царински тарифници со оние во ЕУ. Пред минатата година имавме усогласување на 258 стапки, но има и компании со поширока палета, па зголемените стапки за нив значат проширена конкурентност. Ова не се однесува само за домашните или само за странските компании, туку буквално за сите производители кои настојуваат да држат чекор со исклучително високата конкурентност на глобалниот пазар, и ова усогласување на царинските стапки ќе помогне во тоа.

Петто, бараме Советот на странски инвеститори да биде активно вклучен во консултациите за промена на законската регулатива,особено онаа која е директно поврзана со економски активности. Не да се чека текстот да помине на Влада, па на ЕНЕР да се коментира, туку и ние активно да се вклучиме со наши забелешки и предлози во почетната фаза од процесот. Бидејќи мултинациналните компании имаат свои испоставиi и работат во различни јурисдикции низ светот, зошто да не предложиме законско решение кое како компании сме го сретнале некаде кое не е спротивно на правилата и прописите на ЕУ за да може да се имплементира? Зошто да не се искористат тоа знаење и искуство?

Шесто, структурни реформи во формалното образование, не само во средно стручно туку и на техничките факултети каде квалитетот и квантитетот на идните кадри би се креирал според потребите на прогресивниот бизнис сектор. Затоа, предлагаме наместо индивидуален пристап од компаниите за обезбедување стручен кадар, да се најде модус и да се направи заеднички план на ниво на држава како да се подигнат стандардите на образовниот систем за формирање едуциран кадар според потребите на бизнисот.

Овие шест теми ги предочивме и веќе имаме договорен состанок во Септември.Во меѓувреме очекуваме дека веќе се работи на некои од овие решенија, и се надеваме дека поголем дел од предлозите ќе може да се заврши во текот на оваа календарска година.

# Награди за КИФ, Анѓушев и регионалните комори во Битола и Прилеп: Раст на извозот и создавањето на кадар за бизнисот се темелот на нашиот економски развој како држава




Коморскиот инвестициски форум (КИФ), Регионалните комори од Битола и од Прилеп и проф. др. Кочо Анѓушев, стопанственик и сопственик на групацијата „Фероинвест" и „Брако" се добитници на дел од наградите што Стопанската комора на Северна Македонија ги додели по повод 101-годишнината од нејзиното создавање.

Наградите што беа доделени се во две категории: првата-приоритети на Комората за придонес во развојот на извозот, но и за образованието на кадар за потребите на бизнисот, што им беше врачена на Лулзим Рафуна, претседател на КИФ и Кочо Анѓушев, стопанственик.

А втората, за долгогодишна коморска активност на Регионалните комори од Битола и од Прилеп.

Наградите ги додели претседателот на Комората Бранко Азески, кој истакна дека придонесот на Коморскиот инвестициски форум, на проф.д-р Кочо Анѓушев и на Регионалните комори Прилеп и Битола за нашата економија е неспорен и потврден со конкретни резултати.

"Стопанската комора годинава прославува 101 година коморско организирање и денес може да кажеме дека нема институција во државата што поседува капацитет со материјални и човечки добра како нашата Комора. Ние сме партнери на државата, утврдиваме приоритети и остваруваме. На тој пат ние не сме сами, со нас се компаниите членки, меѓународните партнерски асоцијации и институции. Управниот одбор на Комората донесе одлука за доделување на награди за истакнати стопанственици, компани кои на патот на остварувањата покажаа особени резултати. Затоа денес, преку овој пригоден настан, посочувајќи ги главните приоритети на нашата економија, извозот и создавање кадар за неговите потреби, сакаме повторно да укажеме кој е вистинскиот пат за развој на една економија, но и да оддадеме признанија на клучните чинители во остварувањето на приоритетите и нивниот придонес во остварувањето на стратешките цели на делување на Комората, а тоа е нашата насоченост исклучиво кон интересот на компаниите- членки и додадената вредност која ја добиваат", истакна Азески.



Коморскиот инвестициски форум, асоцијација која го обезбедува гласот на бизнисот во регионот и застапува 350 илјади компании од подрачјето на Западен Балкан, минатата година забележа видливи резултати со конкретни придобивки за македонските компании.

Со поддршка од Европската Унија се реализираше Програмата за развој на добавувачи, преку која се мапираа добавувачите од регионот во секторите на автомобилската индустрија, лесната преработувачка индустрија и на земјоделско-прехранбената индустрија, при што во дат

а-базата Market Access вклучени се 483 македонски компании. Истовремено КИФ обезбеди поддршка и пристап до финансии, грантови и саемско претставување на извозно ориентирани македонски компании. Преку Регионалниот фонд за предизвици, КИФ активно придонесува и за поддршка на дуалното образование при што досега е одобрено финансирање за вкупно 14 проекти од Северна Македонија, во вредност од 6,13 милиони евра.

Стопанската комора му додели награда и на Анѓушев, кој во своето портфолио, преку успешни деловни потези, има значајна улога во зголемувањето на извозот. Кочо Анѓушев преку диверзификација на палетата на извозните производи во пет сектори и диверзификацијата на извозните пазари на три континента, но и во образовниот процес преку профилирање кадар за потребите на своите компании во рамки на групацијата, претставува успешен пример кој треба да биде и основата на која ќе се темели нашиот економски развој како држава.

Наградите на Регионалните комора од Битола и од Прилеп им беа врачени на претседателите Ирена Јакимовска, сопственик/управител на „Комфи ангел" и на Мирко Велковски, сопственик на „Хемометал" и ВЕМИЛК- Битола. Наградите се резултат на нивниот несебичен ангажман во последните 10 години. Двете комори покриваат околу 8. 000 активни компании, со вкупен придонес на БДП во текот на претходните години од 12%.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Саем
30.08.2023 -
31.08.2023

# Меѓународни деловни средби "Meet4Business AGRA 2023"

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка Агенцијата за регионален развој од Подравје – Марибор, Европската мрежа на претприемачи (ЕЕН) и Помурски саем, Горна Радгона, Р. Словенија, Ве поканува да земете учество на Меѓународните деловни средби, што ќе се одржат во рамките на претстојното 61-во издание на Саемот за храна и земјоделство "АГРА 2023". Овогодинешниот саем ќе се одржи во периодот од 30-31 август 2023 година, во Горна Радгона, Р. Словенија.

Саемот „АГРА 2023" претставува еден од најголемите и најзначајните меѓународни саеми од областа на земјоделството во Централна Европа. На саемот ќе се промовираат нови производи, технологии и знаење и истиот претставува одлична можност за запознавање со купувачи, за размена на искуства на меѓународно поле и за воспоставување на нови деловни контакти. Сите заинтересирани компании своето учество можат да го пријават најдоцна до 24.8.2023 година со регистрација на следниот линк: https://meet-4business-agra-2023.b2match.io/signup, каде што ги има и сите подетални информации во врска со настанот. Учеството на настанот е бесплатно.

АГЕНДА

Среда 30-ти август 2023, пренос во живо, сала 5
10:00 – 12:00 Тематски предавања (на словенечки јазик)
12.30 – 17.00 Б2Б средби

Четврток 31-ви август 2023, виртуелно
10:00 – 17:00 Б2Б средби

Контакт лица:

Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

м-р Ивана Анчев
++ 389 2 3244051
Ivana@mchamber.mk



Семинар
04.09.2023

# ОСНОВИ НА МЕНТОРСТВО: УЛОГА НА МЕНТОР И ПРОЦЕС НА МЕНТОРСТВО ВО ИНТЕГРАЦИЈА НА НОВИТЕ ВРАБОТЕНИ

Еден од најзначајните моменти во животниот циклус на вработениот е неговото вработување и првите денови во кои се запознава со работата на компанијата, со претпоставениот и своите колеги, а кои оставаат значаен белег на неговата перцепција и првично искуство за својата нова работа.

Многу истражувања покажуваат дека вработените кои имаат позитивно искуство во првиот период на адаптација во новата компанија, подоцна покажуваат поголема мотивираност, ангажираност, продуктивност и лојалност на компанијата.

Оваа обука има за цел да даде знаење за градење на ефикасен процес на менторство кој би овозможил оптимална интеграција на новите вработени во тимовите, одделите и целата компанија, како насоки за градење на успешни ментори и идни потенцијални менаџери и лидери.

Наменета е за вработени од сите области и хиерархиски нивоа кои имаат улога или ја развиваат улогата на ментори, за тим лидери и вработени на раководни позиции од сите хиерархиски нивоа, како и за професионалци од човечки ресурси кои имаат потреба од градење на процес на менторство и развивање ментори во своите организации.

Обучувач:

Наташа Алексовска - Основач и деловен консултант во Вивендум Ратио Солушнс. Професионалец со повеќе од 18 години искуство во областа на човечки ресурси, предавач во повеќе Центри за обука и развој со над 150 одржани обуки и програми за професионален развој на преку 1650 вработени од сите хиерархиски нивоа.

За сите учесници на обуката ќе биде обезбедено:

- упатства за приклучување на „онлајн"-обука;
- материјали во електронска верзија и
- е-сертификат за учество на обуката.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 27.09.2023**

## ПРИМЕНА НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ВО КАНЦЕЛАРИСКОТО И АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ ПРИ ЗАВЕДУВАЊЕ НА БАРАЊА ЗА ОТКАЗ ОД СТРАНА НА РАБОТОДАВАЧ, СПОГОДБЕНИ РАСКИНУВАЊА НА ДОГОВОРИ ЗА РАБОТА, ОТКАЗ ОД СТРАНА НА ВРАБОТЕН ПРЕКУ ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ

Целта на онлајн семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на заведување и постапување со барањата за отказ од страна на вработени и работодавачи, спогодбено одјавување на вработени од моментот на нивно создавање, креирање, селектирање, нивно предавање и чување во архива на целокупната документација која се создава во текот на работењето во институциите со почитување на законски рокови за евидентирање и уништување на истите.

Целна група за семинарот:

директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцелариското и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:

-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс“ со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.

Контакт лица:

| | |
|---|---|
| м-р Анита Митревска | м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова |
| ++ 389 2 3244057 | ++ 389 2 3244074 |
| anita@mchamber.mk | beti@mchamber.mk |



**Семинар 28.09.2023**

## СПРАВУВАЊЕ СО СТРЕС И АНКСИОЗНОСТ НА РАБОТНОТО МЕСТО

Стресот и анксиозноста се неизбежени психолошки појави во работната средина. Добрата вест е дека стресот не е она што ни се случува, туку нашата реакција на она што ни се случува. Ова значи дека стресот и анксиозноста може да се превенираат, препознаат и контролираат.

Доколку менаџментот и вработените се под постојан стрес или анксиозност, тоа може да биде еден од главните фактори за неуспех на одредена фирма, како и директен фактор за проблеми со менталното здравје кај секој еден чинител на организацијата.

Стресот и анксиозноста имаат директно негативното влијание врз продуктивноста и ефикасноста на тимот. Затоа од големо значење е компаниите да ги препознаваат штетните ефекти на стресот врз сите свои членови, да ги негуваат меѓучовечките односи во тимот и правилно да управуваат со стресот во организацијата.

Треба да знаеме да препознаеме што влијае на појавата на стресот, како и да научиме како да се фокусираме на негово надминување на вистински начин и навремено. Оваа обука ги нуди знаењата, вештините, техниките и алатките потребни за ефективно превенирање, препознавање и менаџирање на стресот и анксиозноста..

Семинарот е наменет и за менаџментот и за сите вработени, а акцентот е ставен на стресните фактори специфични за организацијата.

ОБУЧУВАЧ:

м-р Николина Ивановска Котевска - професор по психологија, Гешталт советник, кариерен советник. Професионалец со повеќе од 15 години искуство во областа на човечки ресурси,предавач во повеќе Центри за обука и развој со над 100 одржани обуки и програми за професионален развој на преку 900 вработени од сите хиерархиски нивоа. Психолошки советник со секојдневна работа на индивидуално ниво со клиенти во областа на советувањето и психотерапијата како и професионалната ориентација.

Контакт лица:

| | |
|---|---|
| м-р Анита Митревска | м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова |
| ++ 389 2 3244057 | ++ 389 2 3244074 |
| anita@mchamber.mk | beti@mchamber.mk |

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

101 година

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088